# НУШИЌ И МАКЕДОНИЈА



МАКЕДОНСКА ИСКРА 1997

•ЗБОРНИК•

*Проф. д-р Александар Стерјовски*

## НУШИЌ ВО БИТОЛА

Оваа година, гостин од Турција ни беше Ајри Демировски, еден наш голем соградѓанин кој што ја компонираше онаа прочуена наша песна, наша химна *„Битола, мој роден крај"*. Тој стана почесен граѓанин на Битола и во некои текстови стои дека Ајри Демировски е прв почесен граѓанин на Битола, што не е точно. Прв почесен граѓанин на Битола е Франше Де, во 1923 година, а втор почесен граѓанин на Битола е Бранислав Нушиќ. Одлуката на Општината е донесена на 12 ноември, 1924 година. Во таа Одлука стои: *„Веднаш телеграфски да биде известен Бранислав Нушиќ за оваа голема почест што му ја даваат битолчани, бидејќи битолачани го третираат за свој соградѓанин и тие ги признаваат сите негови заложби што ги даде за градот."*

А Нушиќ, ќе се обидам да го разоткријам како човек, но и неговите врски со Битола, зошто тој многу емотивно ја доживувал Битола и навистина се заложувал за градот Битола.

Неговите престои се од два типа: пропатување и престој. На два пати поминал низ Битола. Еднаш при крајот на 90-тите од XIX век, а велеобиколка направил низ јужните делови: Косово, Македонија, Албанија и во таа прилика се обидел да ги пронајде своите генетски корени.

Во 1890 година доаѓа како службеник во Битола во српскиот конзулат. Врши обична службеничка работа и тука се оженува. Свадбата ја прави во манастирот Лисолајски, во Битолско. Го прашуваат зошто а тој: *„Малку настрана од пропагандите; таму пропагандите не стигнале."* Можете да замислите каква свадба било тоа, конзулска

и што доживеале Лисолајците. Нушиќ и неговата жена Даринка му дале и подарок на манастирот. Од Црковниот одбор од Лисолај беа толку добри што, иако подарокот љубоморно го чуваат, го донесоа и еве го сега пред нас. И на него има изгравиран текст кој гласи:

*Даринка и Бранислав Нушиќ, на манастирот Лисолајски, на денот на своето венчавање, 21 мај 1891 година*

Тоа е краткиот престој на Нушиќ во Битола и тоа е онаа негова емотивна врска, доста силна, со Битола. Но, тие врски продолжуваат понатаму.

Да не заборавиме, неговиот татко Ѓорѓи, кој исто така Македонија ја третирал како своја татковина, во Битола имал многу врски, најмногу, трговски. Бранислав Нушиќ доаѓа во Битола и во 1912 година. Градот Демир Хисар има податоци дека Нушиќ се разболел при доаѓањето и останал неколку дена да се лекува. Потоа доаѓа во Битола и е назначен за окружен началник.

Ќе се задржам подолго на овој престој, бидејќи е позначаен. Пронајдов една негова наредба од тоа време која тој, како началник, ја дава за граѓанството на Битола. Се потпишува со Бранислав Ѓ. Нушиќ, окружен началник. Наредбата е под број 866, а е од 26 01. 1913 година. Имала 9 точки. За да доживеете што амбиент оставил во Битола и какви маки и обврски имал, кратко ќе ве запознам со:

*НАРЕДБА*

*до граѓаните на градот Битола:*

*Според упатството на Командантот на Моравската дивизија, а со цел ред и поредок, и во интерес на самите битолски граѓани, ја издавам оваа наредба:*

*1. Се забранува безделништво.*

Ми беше многу нејасно, зошто и што е тоа „се забранува безделништво." Меѓутоа, читајќи ги извештаите на другите конзули од тоа време, особено на извештајот на англискиот конзул од тој период, од 21 јануари, во кој се вели дека Битола е преплавена со луѓе на кои не им се

знае потеклото, односно, дека многу муслимански семејства ја окупирале Битола, оти се правеле големи зулуми во околината: убиства, грабежи, паравоени лица се здружуваат, а освен тоа се вршат одмазди и слично; и таквите се прибираат во Битола и нивниот број сега не е познат. И еве, што натаму се вели во оваа наредба:

*Сите невработени лица, во рок од 3 дена мора да се пријават во општинскиот суд. Секој кој ќе стори спротивно на ова, или секој кој ќе биде најден како безделничи, ќе биде казент со казна затвор, па потоа ќе биде протеран од Битола.*

И во сите наредни наредби следни ги има овие изрази (затвор, казна, суд) кои не личат на комедиограф: постојано затвор, гонење, итн.

Инаку, Бранислав Нушиќ во Битола престојувал двапати, еднаш при крајот на 19 век, како службеник во Српскиот конзулат, и вторпат како прв окружен началник во 1912-1913 год. Времетраењето на овој „битолски период", изнесува речиси двеипол години. За личност каков што бил тој што живеел со интензивен ритам, а и значењето што го имала Битола во градењето на кариерата и во интимниот живот (склучување брак), се доволен повод да се истражува и да се открива и овој дел од неговата богата биографија. Дополнителен мотив и големата чест му укажале битолчани прогласувајќи го за свој, втор по ред, почесен граѓанин и популарноста што ја имал како драмски автор на битолските сцени.

## Конзулски службеник

Откако ја одлежал затворската казна (до април 1888), изречена за онаа жестока песна против кралот Милан, „*Погреб на два роба*", и откако од тоа извлекол корисна поука, без средства за живот, скоро фрлен на улица, а веќе 24 - годишен, Бранислав Нушиќ решава „да ја отстрани партиската прав од чевлите" и да побара државна служба. Во почетокот размислувал да стане учител во некое село во Косово или во Македонија; потоа се занесувал со идеја да отвори српска печатница во

Солун, за што веќе имало и планови, а бил посочен и како најсоодветна личност[1]. Понесен од неа, а за да ги проучи приликите на теренот, на свој трошок доаѓа во Македонија. Открива дека приликите биле неповолни, со што проектот се одложил за некои други, подобри времиња[2].

Така, државната служба, станува негова конечна и единствена опција. На 19 декември 1888 год. доставува молба до Министерството за надворешни работи со барање да биде вработен во некое дипломатско претставништво, со тврдење дека кон ваква служба има посебен афинитет и способности. Се препорачува дека е дипломиран правник и дека ги владее грчкиот и германскиот јазик, а дека и со францускиот се служел доста добро. И покрај противењето на кралот Милан, кој никогаш не му ја заборавил навредата („*Додека мојот збор нешто важи во оваа земја, вие нема да добиете државна служба*", му плеснал кралот в лице за време на изнудената од него ауденција), молбата му е прифатена, но откако кралот се повлекол. Отсега натаму, односно додека не ја отпочне десетгодишната дипломатска кариера, службува од одделение до одделение во разните министерства и во канцелариите на самата влада.

За доаѓањето на Нушиќ во Битола голема заслуга има вицеконзулот Димитар (Димитраќи) Боди, првиот битолски српски дипломатски претставник. Вицеконзулот во Битола се преселил во првите месеци од 1889 год., а

---

[1] „*Такво лице најдовме во г. Нушиќ*, пишуваат предлагачите до претседателот на Друштвото „Св. Сава", Светомир Николајевиќ, (кое планирало да го изведе проектот), *кој освен српски, ги говори грчкиот и германскиот јазик, кој по потекло е солуњанин итн. кој, со еден збор, располага со потребните предуслови*" (Грађа за историју македонског народа из Архива Србије / Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија", Приредио-приредил д-р Климент Џамбазовски, том IV, књига / III книга (1888-1889), Архив Србије-Београд, Архив на Македонија-Скопје, Београд, 1987, 309-310.

[2] Драгољуб Влатковиќ, „Нушић у Битољу" (1891-1893 и 1913), „Вардарски зборник", 1, Српска академија наука и уметности, Београд, 1999, 205.

првиот извештај до претседателот на Министерскиот совет и министер за надворешни работи Сава Грујиќ, му е на 13 април истата година. Во него се потрудил детално да го опише приемот во новата средина[3]. Прва работа му била да ги обедини просрпските расположенија и да создаде клима да се развиваат уште понагласено. Оценувајќи ја ситуацијата, издвоил три работи како императивни: отворање српска книжарница, организирање српски школи и екипирање на дипломатското претставништво со млади, способни и храбри луѓе. Првиот услов наскоро бил реализиран. „*Српската книжарница*" започнува со работа на 21 февруари 1890 год. За книжар бил поставен проверен и докажан србофил, Стерја Неровиќ[4]. За отворањето на српски школи, допрва требало да се вложат напори и средства.

Заради зголемениот обем на работа („*претставништвото е преплавено со работа*", му пишува тој на 9 декември 1889 год. на Саваj Грујиќ) и жестоката пропаганда на теренот, под итно му биле потребни помошници. Го посочува и лицето, кое,во прво време, би сакал да го има крај себе: „*...ако е можно Бр. Нуша, писарот од Вашето доверено министерство, бидејќи по потекло е од овие краишта, а инаку е способен и вреден младич*"[5].

Тоа барање било удоволено и тоа бил пресуден миг за натамошната судбина на Нушиќ.

На 4 јуни 1891 год. Нушиќ конечно го добива решението за писар од прва класа за Битолскиот конзулат.

---

[3] (Грађа за историју македонског народа из Архива Србије/ Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија", том IV, књига / III книга (1888-1889), 391.

[4] Неровиќ 16 години живеел во Србија, главно во Шабац (1872-1888), бил учесник во Српско-бугарската војна и бил одликуван со сребрен медал за храброст. Како книжар, односно како истурен пропагатор на големосрпската идеја, примал плата од 200 динари месечно. Книжарницата во почетокот била лоцирана во неговиот дом, а потоа биле ангажирани простории во чаршијата. Во план било слични продавници да бидат отворени и во соседните градови, во Прилеп и во Охрид (Исто, том V, книга I, (1890) д. 66, 28 февруари 1890).

[5] Исто, 663

Наскоро го напушта Белград и пристигнува во Битола. Решавачки фактор за таквата одлука била ургенцијата, образованието, како и доброто познавање, покрај другите, и на месните јазици, турскиот и македонскиот. Дека вторив го владеел како да му е мајчин, потврдува и Алексо Стефанов, демирхисарски војвода, со кого Нушиќ имал неколку средби како окружен началник во Битола[6].

Неколку месеци пред да дојде во Битола го заменува српскиот вицеконзул во Приштина и тоа му е првото дипломатско искуство. Веднаш ја манифестира преданоста во работата.

Меѓу него и шефот во Битола владеат хармонични, дури и семејно-заштитнички односи. Се потврди дека Боди бил во право кога се определил за него зашто скоро поголемиот дел од работата му ја препушта нему. Нушиќ е и писар, и заменик, и преведувач, а и постојано е на пат во доверливи мисии. Се грижи и за црковните и други работи што се во полза на српската кауза и сето тоа е причина литератот наполно да ја запостави литературната работа.

За да парира некако на забревтаната бугарска пропаганда, катадневно е на терен. Најмногу труд вложува градејќи ја инфраструктурата на српската пропаганда, при што повеќепати влегува и во не мал број ризици. Има целосно одобрение, а и одреден износ на средства. За жал, тие не се доволни, па вложува и сопствени, од кои дел се позајмици, кои на крајот се искачуваат и до 700 динари. Охрабрен од успехот, бара одобрение да го преземе истото и во Албанија, но бидејќи потфатот е оценет како премногу ризичен, одобрение не добива. Меѓутоа, при краткиот престој во престолнината каде што реферирал, на новиот министер за надворешни работи Никола Пашиќ му предлага возвратниот пат да го отпочне од Трст и да ја пропатува Албанија. Патописните белешки *„Крај бреговите на Охридското Езеро“,* преданијата од Македонија, од кои

---

[6]„Революционната дейность въ Демирхисаръ (Битолско) по спомени на Алексо Стефановъ (демирхисарски войвода“), съобъава Боянъ Мирчевъ, Македонски наученъ институтъ, София, 1931, 83

посебно интересни се ониe за Самоиловиот зет од ќерката Косара, подоцнежниот светец Владимир, се литературниот придонес од ова патување.

По враќањето во Битола, поднесува уште еден предлог, да ги пропатува и местата што биле надвор од Битолскиот вилает, градовите Верија, Воден, Ениџе Вардар и селата околу нив, да дојде и до Солун, односно онаму, како што пишува, каде што *„никогаш не стапнала српска нога"*. Истото го презема во крајот на мај 1892 год. и како и во други, слични прилики, добива задолжение за тоа да поднесе извештај. Тој тоа го прави и денес овој извештај, иако не е објавен, претставува ценет материјал во реконструкцијата на нашиот живот од тоа време.

Во селото Врбени, како што известува, сите биле христијани, освен меанџијата. Имало две цркви, едната егзархиска, која порано била патријаршиска, и католичка. Во вторава се служело на грчки јазик, а за поглавар се третирал не римскиот папа, туку бугарскиот егзарх.

Во селото Ракита приликите биле уште посложени. Пропагандите го раслоиле не само селото, туку и семејствата. Имало патријаршиска црква, егзархиски учител, а дајцата попови биле србофили. Кај првиот, едниот син бил српски воспитаник во Белград, другиот - егзархиски учител, а третиот пак, питомец на католичката австриска мисија.

Слична била состојбата и во селото Мокрени.

Во Корча, на негово големо изненадување, бил срдечно пречекан, како од месната власт, така и од видни граѓани. Му бил приреден и банкет во градската кафеана во организација на беговите. Некојси Бујрул-беј на гозбата наздравил за Александар Обеновиќ, а Нушиќ - за султанот. Кафеанското расположение било крунисано со настап на Нушиќ, кој занесено го изрецитирал *„Лудиот"* од Шандор Петефи во препев на Јован Јовановиќ – Змај[7].

Макар што работел, како што известува неговиот претпоставен, „за двајца", признанија не пристигнувале.

---

[7]Јован М. Јовановиќ, „Нушић као конзул", „Српски књижевни гласник", Београд, 1938, бр. 4

И додека неговите врсници истрчале далеку, тој останал на истата плата и во истиот ранг - писар. Тоа го болело многу. Вицеконзулот се обидел да ја исправи неправдата преку службени дописи и директни интервенции кога доаѓал службено во Белград, но тоа не вродило со никаков плод. Изиритиран и навреден, седнал и напишал оставка. Дал и поширок опис на својата дотогашна работа и успеси, а го напишал и ова: *„...јас, Господине Министре, не само умот и снагата туку и животот често ги ставав на коцка во оваа работа, зашто по Милош Милојевиќ јас не познавам ниту еден Србин кој повеќе од мене го пропатувал секое катче каде живеат поробените Срби...*“[8].

Оставката имала ефект. Во месец мај 1893 год. бил унапреден во вицеконзул и како таков наскоро заминува на нова работа.

## Потекло

Нушиќ, кој не еднаш доживеал омаловажувања и навреди заради своето национално потекло, со болка има забележано: *„Јас не го знам своето презиме. Тоа е презиме на белградски бакал, кое мојот татко го присвоил не знаејќи го своето. Јас не знам ниту што сум. Балканец сум, секако. Во мене има и арнаутско, и влашко, и српско“.*

Знаејќи дека корените по таткова линија му се од Македонија, а бил во прилика да ги истражува кога ги правел оние посети низ Битолскиот вилает, се обидел да ја дознае целосната вистина и да ги пронајде, евентуално, и роднините. За жал, времето го направило своето и трагите ги беше избришало и тој не дозна ништо ново од она што веќе се знаело во семејството. А тоа било дека неговата баба Гита (и ќерката на Нушиќ се викала Гита), мајката на неговиот татко, потекнувала од влашкото село Влахоклисура (или Клисура) што се наоѓа на половина пат меѓу Лерин и Костур. Како 16-17 годишна со помош на другари - врсници ја грабнал млад Албанец кој никогаш не се откри дали се викал Бело, или пак се презивал Бело. Ја

[8] „Революционната дейностъ.....“, 205

одвел в планина, каде ја држел неколку месеци како не венчана жена, и откако забременила, ја вратил назад. Родителите, за да го замаскираат колку-толку големиот срам, заради кој многу девојки посегале по својот живот, ја одвеле во Солун, каде во 1822 год се породила. Родила машко дете. Го крстиле со популарното име, Георгиес. Тоа бил таткото на идниот комедиограф.

Во 1830 год., со караван што заминувал за Србија, за Белград, мајката и детето (тоа било без пасош, заради што морало да биде прошферцувано) ја преминале турско-српската граница. Намерата им била да побараат засолниште и промена на дотогашното мачно искуство на вонбрачна мајка и вонбрачно дете. Во Земун постоела влахо-клисурска колонија во која наишле на гостољубие во домот на трговец, Влав, Нуша. Тој немал деца, па детево го прифатил како свое, му го дал и презимето и оттогаш натаму тоа било Георгиес (Ѓорѓи) Нуша (Нушо, Нуши). Се погрижил да добие и образование и да го воведе во трговијата, која станала негова професија во која доживувал и успеси и падови.

Георгиес се оженил за девојка од Брчко, Србинка, со која добил пет деца, четири машки и едно женско. Најмалото, родено во 1864 год. го крстиле Алкибијад(ес) (галовно Алко), кое како студент, под влијание на својот другар, подоцнежниот поет Воислав Илиќ и на неговото семејство на познатиот српски романтичарски поет Јован Илиќ од Белград, во кое често престојувал, станал Бранислав[9].

Георгиес, знаејќи за своето потекло, не само што се дружел и се движел во кругот на доселениците од овие краишта, туку имал и трговски зделки со Македонија. Меѓу оние со кои комуниицирал професионално и лично во Белград, бил и клонот на прочуеното битолско влашко семејство Никаруши, со Коста Никаруши, со кого, на крајот

---

[9] Драгољуб Влатковиќ, „Порекло Бранислава Нушића“, „Стремљења“, г. I, бр. 3, Приштина, 1938

се раскарал, па се нашол и на суд[10]. Преку него („*комисионерот Ѓорѓи Нушо*"), а по молба на Јован Нешковиќ од Велес, учител во трговските школи и управител на основните школи во овој град, во 1857 год. биле доставени книги што ги имало ветено Министерството за просвета[11]. Вакви книги преку истиот доставувач, биле дистрибуирани и во следната, 1858 год.[12]. Преземал акција и за трговија во обратен правец, од Македонија кон Србија. Во зделка со тутун во 1862 год., го снабдил пазарот на Србија со 3690 оки од типот џума итн.[13]

Многу потесни и поинтензивни врски и односи со луѓе од овие краишта имал неговиот син, Бранислав. Овдешното потекло за него стана и исплатлива предност и посебна привилегија, особено откако српскиот државен врв се определил српските работи во Македонија да ги врши преку луѓе чие потекло било од овие краишта. Таквите поединци, главно синови на влијателни и богати влашки семејства, кои имале и добра школска подготовка, се вивнуваат во високите ешалони на српската дипломатија. Врз таа основа, а веќе со докажано србофилство, за прв српски дипломат во Битола бил назначен Димитар (Димитраќи) Боди. И тој потекнувал од белградското трговско влашко семејство на Гуша Боди. Слично на него, во Скопје е назначен Василијадес, па Нушиќ во Битола итн. Во Србија се именувале за „Грци", односно за „Цинцари". Заради вонредните привилегии, очекувано, по нив се влечела и долга опашка од завист и омраза, а не ретко биле и предмет на жестока јавна критика. Една среќаваме и во весникот „*Српске заставе*" од 1892 год. Статијата има наслов „*Српство*" и, меѓу другото, во неа може да се прочита и ова: *„Во Битола е поставен Гркот Димитраќи Боди, а за писар Алко, повторно Грк.. Во Скопје за службеник е поставен*

[10] „Грађа за историју македонског народа....", том II, книга II (1864-1868), Београд, 1982, 18

[11] „Грађа за историју македонског народа...", том II, книга I, (1856-1856), Београд, 1981, 80-85

[12] Исто, 88

[13] Исто, 370

*Гркот Василијадес...Исклучиво жпатриотие. Сега се поставува прашањето: а каде се Србите да се поставaт на вакви важни места , а ваму доаѓаат луѓе од други националности да ни го шират српството, а тие ваму немаат ниту слава?".*

Критиката имала ефект, па оттогаш натаму отпочнува и процесот на постепено ангажирање на Срби или на просрпски настроени Македонци. Врз таа основа, на крајот на 19 век, за писар во Српскиот конзулат во Битола доаѓа кумановецот д-р Јован Хаџи Васиљевиќ, а доаѓа и д-р Љ. Суботиќ.

Како „*месен човек*" Нушиќ не е заборавен и е користен и подоцна. Кога во 1908 год. во Битола и во Македонија нагрнуваат делегации од соседните земји за да се сретнат и да им дадат поддршка на „*своите браќа*", испратена е делегација и од Србија. На нејзино чело се наоѓал Нушиќ. Патувале со железница преку Скопје и Солун. На попатните станици, онаму каде што конзулскиот писар оставил траги и стекнал пријателства, имало бучни пречеци и многу пламени говори[14].

Потеклото, меѓутоа, Нушиќ го носел и како тежок крст, зашто постојано и насекаде своето српство морал да го потврдува и да го нагласува. Во името на српството станал Бранислав, работел не штедејќи се и во тој однос ретко кој повеќе од него може да се пофали со придонесот. Посегањето по патриотски теми, од кои книжевно најчесто се обработуваат личности и настани од славната српска историја, само го потврдуваат тоа. Неговиот случај, нема сомнеж, е уште една потврда за луѓе кои не им припаѓаат на мнозинството, а кои со сите сили се трудат да се интегрираат во него.

## Свадба

Според мерилата на времето кога живеел, Нушиќ се оженил на повозрасни години, речиси ги полнал трите децении. Само што се појавил во конзулатот, сопругата

---

[14] Петръ Завоевъ, „Писма отъ Македония", София, 1916, 147

на вицеконзулот решила да го удоми и започнала да му бара соодветна прилика. Се определила за Нина, девојка од познато влашко битолско семејство, со која набргу и се посвршил. Свршувачката, меѓутоа, траела кратко, додека во конзулатот не пристигнала 16 годишната Даринка, внука од сестра на вицеконзулот. Штом ја видел, се вљубил *„смртно“* и изборот веднаш се сменил, па животна избраничка сега станала Даринка, по што морал да ја раскине предходната врска. Семејството и на оваа девојка било познато, но било белградско; таткото, Божидар Ѓорѓевиќ, бил успешен трговец, кој работел во Шабац и во Белград, а мајката, Цика, била од семејството Боди. Набргу се посвршиле и зимата 1892/93 год. ја поминале заедно, посетувајќи ги и конзулските забави.

Венчавката се случила на 23 мај (недела) 1893 год. во лисолајскиот манастир „Св. Архангел Михаил“. Изборот на светиот храм го направил лично младоженецот, со образложение, според едно подоцнежно тврдење на некои лисолајци, за да биде подалеку од пропагандите[15]. Вистината е поинаква: токму овој манастир, задужбина на кралот Радослав, бил значаен центар на српското влијание во Битолско. Тоа било причина Димко Могилчето, прочуениот војвода, двапати да го гори. Обновен е во 1906 год.[16].

Пред свадбата Нушиќ неколкупати патувал за Лисолај за да ја изврши органозицијата, а нескриена амбиција му била да се случи настан кој ќе се памети и за кого ќе се говори. Во подготовките и во изведбата ги вклучил сите возрасни жители на селото, но и други од околните села. Само за оваа прилика нарачал да се изработат специјални земјени чаши што требало да послужат за алкохолни и за други пијалоци.

На денот на свадбата до манастирот се патувало со коли, пајтони, и на коњи. Имало околу 50 луксузни пајтони,

---

[15] Д. Стефановски, „Зашто се Нушић венчао на неутралном терену“, „Политика“, Београд, 3 јули 1960, 11

[16] „Австриски документи за историјата на македонскиот народ“, 1905-1906, том II, Редакција, превод и коментар Данчо Зографски, Архив на Македонија, Скопје, 1977, 199

од кои 20-на биле дипломатски. Очекувано, *„конзулската свадба"* предизвикала огромен интерес и посебно внимание, како меѓу битолчани, така и среде околното селско население. Покрај дипломати, аги и бегови во дипломатски и воени униформи, имало и цивили и дами со луксузни фустани, чадори и широки капели од повидните битолски семејства, со кои младоженецот имал пријателски односи. Почесен гостин бил валијата Фаик-паша, кој на младоженците им го отстапил најлуксузниот „ландон", кум бил доајенот на дипломатскиот кор, рускиот конзул, додека старосват станал романскиот дипломат.

Свадбата, според бројност на учесниците кој изнесувал околу 1.000, била една од најпосетените и најгламурозните. Специјално облечени и обучени девојки, наредени во шпалир, го пречекале ландонот со младоженците и фрлале цвеќиња пред него и на него. Богослужбата била одржана во малата црквичка, на словенски јазик и според обредите на православната црква.

Гозбата и веселбата, која со звуците на гајдите и на другите инструменти, траела до вечерните часови, се одржала во дворот на манастирот. Валијата со посебен интерес следел сè и бил восхитен од обичаите и од гостољубието[17].

Како посебен дар што му го доделиле младоженците на манастирот бил сребрен пехар за причестување, кој и денес љубоморно се чува во селото. На него има изгравиран текст, кој гласи: *„Даринка и Бранислав Нушиќ Манастиру лисолајском на дан свога венчања 23 мај 1893"*.

Медениот месец младоженците го поминале во домот на вицеконзулот. Веднаш потоа, а по две години престој во Битола, Нушиќ заминал на нова служба, со повисок ранг, сега како вицеконзул.

## Окружен началник

Само што е објавена мобилизацијата во Србија на 9 септември 1912 год., сите стасани за воена служба, како и постарите мажи, дури и оние што веќе учествувале во

---

[17] Драгољуб Влатковиќ, цит. статија, 207

Српско-бугарската војна (1885), се повикани во воените редови. Повикан е и скоро 50-годишниот Нушиќ. Од Военото пресбиро, каде дошол по препорака на регентот Александар Караѓорѓевиќ, како човек од доверба и како „*месен човек*", кој ги познава приликите во Македонија, на 14 октомври 1912 год. е назначен за шеф на воената полиција во Скопје. Повоената состојбата што ја нашол во градот била потресна и хаотична; по улиците сè уште можеле да се видат трупови на турски војници, а имало и многу насилства и грабежи, заради што имало масовно иселување, посебно на муслиманското население. Бил поставен да направи ред и мир и да се потруди да профункционира проширената српската држава и овде. Иако тоа било сосема ново искуство за него, може да се каже дека успешно се снашол.

Нешто подоцна, а откако била освоена и Битола, со скоро иста задача, доаѓа и во Битола. Градот бил освоен на 6 ноември (с.с) 1912 год., по неколкудневни жестоки борби и со многу загуби од обете страни, но тој не влегува заедно со српската војска. Неколку дена, односно до 11 ноември, престојува во селото Смилево, закрепнувајќи од преморот и лечејќи се од ноемвриската настинка. За тоа време се труди да се запознае со поголем број жителите на селото, а со некои успева да воспостави и потесни врски. Го запознава и војводата Павле Константинов (Крстевски), со кого средби има и во Битола. Од овој престој е забележана и една речиси безначајна епизода од неговата биографија, што ја регистрирал во своите спомени демирхисарскиот војвода Алексо Стефанов. На комедиографот му се пријало кисело млеко и погача месена од добро брашно, но желбата, според него, не можела да се исполни зашто во Смилево, сиромашно и страдно, како последица на настаните од Илинден, немало ниту црн леб, а не пак кисело млеко и погача од бараното брашно. Смилевци, сепак, се снашле, испратиле човек до соседното село Боишта од каде ги набавиле и му ги понудиле[18].

---

[18] Революционната дейностъ....85

Состојбата во Битола не била ништо подобра од онаа во Скопје. И тука, во името на некаква *„одмазда за Косово“*, имало масовен и безочен грабеж и бројни убиства врз припадници на муслиманското население, посебно врз оние од подалечните села. Масовно се палат и се рушат џамии, се срамнуваат муслимански гробишта, се вршат уценувања и силувања, претепувања до смрт. Учесници во неделата биле некогашни српски четници и војводи, но и нововработени џандарми, писари и други. Тоа предизвикало огромна маса од околу 12.000 бегалци од селата да побараат спас во Битола и да се засолнуваат во муслиманските маала кај роднини и пријатели и во градските џамии[19].

Со нив сега се создавале дополнителни проблеми; не само што нема доволно сместувачки простор, немало храна, ниту ред и мир, односно имало уличен и друг хаос. Заради сензитивните услови, не било можно да се направи увид на лицата кои претходната власт ги инфилтрирала заедно со бегалците, а кои, како подземни минери, биле со задача да го дестабилизираат мирот и од кои, како од добро разработени кујни, ќе протекуваат дезинформации. Власта прави напори да биде на висина на задачата, но било речиси невозможно целосно да се исполнат очекувањата. Скоро на иста линија со непријателите, работеле и оние кои требало да се на страната на началникот, со насилничкото и непримерно однесување[20].

Ете, за повеќе вакви проблеми, новоназначениот окружен началник требало да изнајде решенија. Канцелариите му биле во некогашната резиденција на султанот Мехмед Петти Решад кога овој ја посетил Битола во 1911 год. (денес објект на Ректоратот). На себе имал уникатна униформа од виолетов османлиски војнички штоф, направена

---

[19] „Британски конзули во Македонија, 1797-1915, Документи“, Редакција м-р Драги Ѓорѓиев, Државен архив на Македонија, Скопје, 2002,425

[20] Д-р Глигор Тодоровски, „Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917“, Институт за национална историја-Скопје, Скопје, 1981, 40-43

според негови нацрти. Таа е истата со која е снимен на неколкуте познати фотографии од овој период[21].

Прва и основна задача му било да ја гради арматурата на власта, а требало да почне од самиот зачеток. Да се потпре врз службите и поединците од предходната власт, било невозможно, таа била туѓинска и расформирана, па додека не пристигнеле квалификувани кадри од старите краишта, прифаќа лица што му стоеле на располагање. Тоа се, за несреќа, поранешни извалкани српски четници и војводи, како и не многу доверливи и набрзина преобразени србофили од домашната средина. Еден, меѓу другите, е поранашниот скретничар од Белградската железничка станица, Вангел Димитријевиќ - Скопјанче, кој со четата, составена од проблематични богаташки синови, дојдени од Србија исклучиво за да ја одбегнат воената обврска, завел тежок терор, посебно врз населението од Мариово. Сличен на него бил Јанко Константиновиќ, патолошки силеџија и ненаситен материјалист. Горе-долу, такви биле и останатите[22].

Утешително е тоа што, наспроти во окружните, состојбата со градските управи била подобра. Според прифатен паритетен клуч, во градските одбори се назначувале луѓе со кредибилитет кои им припаѓале на посебните верски и национални средини. Очекувано, на челното место претседател стои проверено лице. За претседател на Битола е назначен христијанин, прв христијанин по 550 години, Петар Лешњаревиќ. По потекло бил од Албанија,

---

[21] Во врска со униформава има и анегдота, исконструирана од самиот Нушиќ. Кога странските дописници во Скопје го здогледале во неа, и кога започнале да ги распрашуваат неговите пријатели што треба да значи таа, со дошепнување на комедиографот им било одговорено дека Нушиќ е поставен за адмирал на српската воена флота на Јадранското Море. Другиот ден, еден од дописниците се обратил до воената цензура за одобрение да испрати телеграма до својот весник дека Србија веќе покажува отворени аспирации кон Јадранското Море, кога назначува адмирал на својата непостоечка воена флота.

[22] М-р Петар Солаковски, „Колонизацијата во Битолско и Прилепско“ (1919-1941), Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1992, 23-24

Влав и српски воспитаник. Секретарското место му е доделено на А. Павловиќ, исто така, проверена и доверлива личност. Во Одборот влегувале: Михајло Лазаревиќ, Борис Крапчев, Ѓорѓе Анести, Коста Лозаниќ, Михаил Димчов, Омер-беј, д-р Д. Нака, Ѓорѓе Генчов, Наум Грујиќ, Ќенан-беј, Јован Продановиќ, Мехмед ефенди, Н. Пенџерков, Јусула Леви, Перикли Робев, Јеврем Ризов, Ѓорѓе Генали, Вахи-беј, Наум Мајмука, Коста Козмеску и уште неколку други[23].

За да се види со какви проблеми се судирал уште од првиот ден и за да се доживее повоениот амбиент во Битола, ја презентираме наредбата што ја издал на 26 јануари 1913 год. Заверена под бр. 866, впечатливо ги отсликува ритамот и тежината на неговата катадневна работа. Ја презентираме во целост:

*1. Се забранува безделничење. Сите лица што немаат постојан работен ангажман треба во рок од 3 дена да се пријават во Општинскиот суд. Оној што нема тоа да го направи, ќе биде казнет со затвор, а потоа протеран од Битола[24].*

*2. Собирање во групи по улици и на други јавни места, како и собирање по индивидуални домови се казнува најстрого. Сите оние кои власта ќе ги затекне во групи на улица или во индивидуални домови, ќе бидат веднаш затворени и строго казнети[25].*

*3. Се забранува ноќе талкање по улиците по 9 часот. Секој кој ќе се најде по тоа време на улица без оправдана причина, ќе биде затворен и строго казнет.*

---

[23] „Наша општина и њен рад", *„Општинске новине"*, бр. 5, Битола, 20 јануари 1913, 3

[24] Битола е преполнета со бегалци. Меѓу нив имало најмногу страдалници, но и секаков друг ков луѓе, дури и шпиони и работници од предходната тајна служба. Некаков увид врз нив, но и психолошки ефект од контролирањето, би биле, секако, од голема полза.

[25] Целта на ваквата забрана, во услови кога бројот на редарите и другите лица задолжени за мирот и редот, биле оневозможување на немири и отпори. Таа давала можност и за брза интервенција.

*4. Кафеаните не можат да бидат отворени по 8 часот навечер. Само можат да бидат отоворени по тоа време оние кафеани кои ќе добијат писмена дозвола. Оној што ќе го направи спротивното ќе биде строго казнет, а при повторен обид, ќе му се одземе дозволата за работа.*

*5. Сите хотелиери и сите анџии се задолжени да ги пријавуваат гостите-патници директно до Началството во рок од 24 часа-неизвршувањето ќе се казнува најстрого, а по втората казна, тој хотел или ан ќе се затвори*[26].

*6. Без писмена дозвола на никој нема да му се дозволи влегување или излегување од градот. Излегувањето во непосредната околина од градот без дозвола, не е дозволено.*

*7. Најстрого ќе бидат казнети лицата кои ќе измислуваат лажни вести или кои, ќе ги протуркуваат*[27].

*8. На секој, без оглед со која намера го прави тоа, најстрого му се забранува да ги потценува српските државни пари. Лицата што ќе го направат тоа, ќе бидат затворени и строго казнети.*

*9. Посебно се забранува носење и криење оружје. Оној што ќе се фати со оружје или го крие, или пак знае*

---

[26] Увидот на непознати лица што доаѓале или излегувале од градот биле посебно важен, зашто имало можност меѓу нив да има уфрлани лица.

[27] Тоа е дел од специјалната, психолошка војна, карактеристична посебно во нестабилизирани и кревки политички ситуации. За „лажни вести" е укажувано и пред наредбата. Доаѓале од луѓе што пристигнувале однадвор или од домашните кујни и *„еднаш пуштени во оптек...носат штета за нормалниот развој на трговијата и за одржување на мирот и редот, и спокојството на граѓаните"* (*„Битољске вести", „Општинске новине"*, бр. 3, Битола, 27 јануари 1913, 3). Највознемирувачки биле шпекулациите дека новата власт била времена. За да се отфрлат шпекулациите и да се потврди дека дошло ново време и дека враќање никогаш нема да се случи, на Тумбе Кафе бил поставен доминантен крст кој се гледал не само од градот, туку и од многу подалечна дистанца. Натаму тоа место ќе се именува како Кај Крсто („Бегство са убиством", *„Општинске новине"* бр. 50, Битола, 8 јуни 1914, 5)

*дека кај некој друг го има, а не сака да ја извести власта, ќе биде веднаш затворен и ќе биде суден пред воен суд'*[28].

Покрај градењето на власта, жестоко морал да се справува и да бара решенија за најтешкиот, животниот проблем - недостатокот од храна. Масовно се гладувало, па и се умирало од глад. Посебно гладувало муслиманското население. Имало случаи кога муслимани без било какви средства за живот, да го продаваат единственото што го понеле од дома, постелината и ќебината.

Со заложби и инсистирање на началникот се формираа Одбор за помош на бегалците. Основната задача било згрижување на бездомниците, но и разрешување на проблемите со храна. Членувале видни граѓани, такви кон кои се имало доверба и кои се докажале како иницијативни. Проблемов бил толку тежок, како што се тврдело, што бил поголем и потежок и од оној што бил во 1903 и 1904 год.[29]. Одборот се обидел да направи некаква рационална распределба, а повел и иницијативи за донации.

Како одговор на драматичниот повик за помош, се јавиле неколку хуманитарни странски здруженија кои и порано помагале во слични ситуации. Црвениот крст, преку вицеконзулот на Британија, обезбедил бесплатна храна за околу 800 бегалци, Македонскиот помошен фонд, кого го застапувала мис Мак Каин, згрижил околу 1.000, Американската мисија 800, Француските сестри 1.000[30] итн.

Со тоа проблемот не бил разрешен, но бил ублажен а, што било уште поважно, надежта била вратена.

---

[28] *„Наредбе", „Опшштинске новине"*, бр. 5, Битола, 3 февруари 1913, 3. Дека меѓу населението, и муслиманско и христијанско, имало премногу лесно оружје, открива и Петар Завоев во своите патописни белешки. Кога, како член на делегација доаѓал од Софија за Битола, преку Солун, и кога на секоја и најмала станица меѓу Солун и Битола возот запирал и им бил приредуван пречек, радоста се манифестирала и со истрели на оружје од страна на домаќините (Петр Завоевъ, цит. дело, 125-126).

[29] „Британските конзули во Македонија 1797-1915 година", Документи, редакција м-р Драги Ѓорѓиев, Државен архив на Македонија, Скопје, 2002,

[30] „Британските конзули во Македонија...", 425

Покрај овие, се разбира имало, и уште многу други горливи проблеми.

Проблем бил и грижата за напуштените сопруги и млади жени во харемите од муслиманските семејства. Не мал број испаничени аги и бегови, спасувајќи го голиот живот пред налетот на српската војска, заборавале на семејните задолженија и на најблиските. Имајќи ја за крајна дестинација Турција, со ќемери полни со злато и со други драгоцености, во групи или поединечно, забрзано се оддалечувале од кризните и опасни подрачја. Напуштените сопруги и конкубини, додека имале резерви ги трошеле, а кога се исцрпиле, настанувале вистинските проблеми и драматични пресврти. Неподготвени за битка што се води надвор од авлијата на муслиманскиот дом, ги доживувале најтрауматичните мигови од својот живот. Не било чудно, некогашна госпоѓа да се сретне на улица со подадена рака или, ако била помлада, да го продава јавно своето тело. Нушиќевите службени извештаи биле полни со вакви драми[31].

Не без нота на самофалба, Нушиќ говорел и за едно од решенијата во врска со нив. Пред група битолчани, членови на Пејачкото друштво „Кајмакчалан", кога тоа во 30-те години од минатиот век гостувало во Белград, истакнувал дека некои успеал да ги наговори да се преобратат и да ги омажи за момци од Битола или за српски војници. Бидејќи повеќето биле убави и од христијански род, а насилно доведени во харемите, не било тешко замислата да се спроведе во дело[32]. Вакви преверувања (верски преминувања), впрочем, и во ова време, а и подоцна, ги имало во поприличен број, што било причина да се донесат и законски регулативи за начинот и за условите при преверувањата.

Окружникот началник пред истите соговорници истакнал и други заслуги. Две издвоил како посебни.

Првата била во врска со вработувањето на првиот градски шинтер.

---

[31] Драгољуб Влатковиќ, цит. статија, 211

[32] А. Стерјовски, „Нушиќевите битолски проблеми", *„Битолски весник"*, 11 и 18 октомври 1972, 9

Како и во повеќето градови во Османлиската Империја, така и во Битола, суверени улични господари биле пците. Ги имало во огромен број. Иако биле постојана опасност, особено во ноќните часови, а биле виновници и за пренесување болести, најмногу на беснилото, со убедување дека се божји суштества и дека задолжение на секој е да се грижи и да ги негува, многумина ги хранеле лично или обезбедувале за договорна наплата редовни дневни оброци од месните касапи и месари. Таквиот однос овозможил нивно неконтролирано множење и преплавување на населените места. Можеле да се сретнат насекаде; низ улиците, гробиштата, местата каде што се фрлало ѓубрето, односно немало катче што не било окупирано од нив. Едвард Лир, кој во 1848 год. ја посетил Битола, го пренесувал таквиот амбиент. Доживеал и драматични средби што биле за паметење. Една била кога се сретнал со бројка 80-100 кучиња како, среде бел ден, распарчуваат мрша од коњ на градскиот пазар. Не еднаш и самиот се нашол во опасност да биде растргнат, а благодарејќи само на присебноста, го избегнал тоа[33].

Нушиќ, ете, е првиот кој одлучил да ја елеминира таа опасност и да заведе некаква сигурност. Неговата одлуката ја следеле и управителите што доаѓале по него, особено оние меѓу двете светски војни.

Завел ред и во користењето на речните премини, мостовите, посебно на драгорските. Вековна традиција била на мостовите да се подигаат времени дрвени дуќанчиња и да се преобразуваат во прометни сателитски пазаришта. Со одредба истите биле расчистени и им биле препуштени на оние за кои биле наменети минувачите[34].

Се занимавал многу и со лични проблеми. Биле најбројни и му одземале и најмногу време. Во неговата канцеларија дневно продефилирувала бројка од 120-150 посетители. Молбите биле најразлични, а најбројни биле

[33] „Македонија во делата на странските патописци", 1827-1849, Подготвил Александар Матковски, „Мисла", Скопје, 1992, 658

[34] А. Стерјовски, „Нушиќевите битолски проблеми", 9, 3

оние за добивање дозвола за иселување во Турција. Сеќавајќи се на нив, има запишано: *„Некого ќе го упатам, друг ќе го посоветувам, третиот ќе го искарам, а четвртиот ќе го утешам“.*

Ваквиот однос направил началникот да стане популарна личност во градот и да стекне бројни пријатели, особено среде муслиманската заедница.

Ќемал-беј, на дописникот на новосадски весник му го издиктирал ова: *„Алах е милостив штом ни го прати овој ефенди Нушиќ, па под негова управа не почувствувавме ниту во еден момент дека сме поразен народ“*[35]. Полковникот Мехмед Тевфик, последниот директор на поранешната Турска воена гимназија, во која своевремено учел и основачот на модерна Турција, Ататурк, на 13 јануари 1913 год. ќе испрати писмо до српски весник со искрена благодарност кон воените и цивилните власти од Битола, спомнувајќи го посебно и окружниот началник за грижата што ја покажале кон неговите 283 ученици да не страдаат од глад и, во хаотичното воено време, да бидат безбедни. Посебно истакнал дека уште во првите денови по промената на власта, новите челници успеале да организираат и бесплатен железнички превоз до Солун за 158 негови ученици[36].

Дописникот на *„Илустрираната воена хроника“*, од местото на настанот опишал и една Нушиќева трогателна средба со четворица Османлии, од кои двајца биле оџи. Вознемирените и исплашени Османлии, началникот ги успокојувал со зборовите: *„Одете дома и гледајте ги своите работи. Вашето гајле е мое гајле. Јас не спијам, вие мирно да спиете. Никој не смее да ви префрли, никој со алка не смее да ви зачука на портата, никој не смее со зло да ве погледне. Ама, ако вие не ја чувате својата куќа, не внимавате на своите деца и на својата мака, туку бркате други работи, е тогаш јас со алката ќе зачукам на портата и јас со зло ќе ве погледам. Ете, толку, а сега ајде со здравје!“.*

---

[35] Драгољуб Влатковиќ, „Нушић у Битољу (1891-1893 и 1913)“, 212

[36] „Како Срби поступају с побеђенима“, *„Општинске новине“*, бр. 5, Битола, 5 февруари 1913, 2-3

Имало и непосредни и топли изрази на благодарност. Во првите денови од практикувањето на власта, кај него дошол последниот битолски валија, со молба нему и на неговото семејство, кое веќе чекало надвор во пајтони, да им издаде одобрение да ја напуштат државата. Началникот, знаејќи деда валијата со ништо не се огрешил додека бил на власт, не само што му го издал, туку и му посакал добро здравје и среќен пат.

Нушиќ на местото окружен началник остана полни три месеци. Кога работите горе-долу се средиле и кога министерот за внатрешни работи Стојан Протиќ побарал службениците од неговиот ресор да се изјаснат дали и понатаму имаат намера да останат на местата на кои се поставени, Нушиќ изразил желба да биде ослободен. Веќе бил во преговори со министерот за просвета да се ангажира околу отворањето театар во Скопје. Во Битола, на негово место бил назначен Душан Алимпиќ. Последниов, не познавајќи ги доволно приликите, го замолил својот предходник да остане уште некое време и да го воведе во работата и во средината. Така, заминувањето се пролонгирало уште за три месеци, што значи дека неговиот повторен престој во Битола изнесувал безмалку половина година.

## Нушиќ и македонските востаници

Како посебен и многу непријатен проблем, кого окружниот началник морал да го решава уште од првите денови, бил во врска со четите на македонските востаници. Имал податоци дека имале добро воено искуство, стекнато во бројните судири со османлиската војска, а најважно од сè, дека биле и крајно непредвидливи. Го знаел и тоа дека во периодот што му претходел многупати учествувале во гонењето и во уништувањето на српските чети, дека доста работници и симпатизери за српската кауза настрадале од нив; значи, поаѓајќи од тој аспект, слободно можеле да се третираат и за непријатели. Меѓутоа, од друга страна, во новите услови станале соборци во заедничката борба, ослободување на христијаните од турското ропство и дека со голема ревност придонесувале во

гонењето и уништувањето на османлиската војска. Тоа, пак, на востаниците (комитите) им дало право да се чувствуваат комотно и како дел од власта. Во услови на конституирање на новата држава, која имала и воена и полициска структура, ваквите единици поинаку не можеле да се третираат освен за паравоени, па според тоа, морале да бидат разоружани. Разоружувањето и распуштањето морало да се изведе што побргу и крајно внимателно и заради односите со сојузниците, најмногу со бугарската страна, која ги третирала за своја испостава.

Како искусен дипломат, кој занаетот го печел десетина години токму на теренот на Македонија, Нушиќ на проблемот морал да му пријде темелно и да го согледа од сите аспекти. Скоро за секој војвода и борец прибирал податоци или се трудел лично да ги запознае. Искуството му говорело дека во последните денови имале заслуги и во избегнувањето на опасности за српската војска. Според сеќавањето на демирхисарскиот војвода Алексо Стефанов, ако не бил тој и неговите востаници навреме да ја известат командата на дел од српската војска која настапувала кон селото Сопотница, ќе доживеала катастрофа влегувајќи во клин поставен од османлиската армија. Така, не само што се избегнал поразот, ами тој се преобразил во триумф, зашто османлиските војници сега биле тие што морале да се извлекуваат набрзина и да се повлекуваат преку Мраморица и Смилево кон Гопеш. Помош била понудена и при преминот на надојдената Црна Река, кога некои српски војници се поудавиле, а останатите, исквасени до кожа во студениот ноември, можеле да поминат со тешки последици. Комитите организирале прифатилиште, запалиле и огнови за сушење на униформите, а помогнале и во други слични ситуации[37].

Заедно со српските војници во Битола влегле и четите на македонските востаници. Четата на Алексо Стефанов на број 25 борци, под полно наоружување, како за време на Младотурската револуција, се појавила и парадно промарширала низ Широк Сокак. Тоа го направиле и други

[37] „Революционната дейность...“, 82-83

чети, значи влегувањето во градот го доживувале и како свој ден на слободата. Војводите имале и лични и групни собири по анови и крчми, на кои договорале планови за иднината. Ваквото однесување, меѓутоа траело кратко. Од српската власт им е укажано дека треба што поскоро да се разоружаат и да се расформираат. Низ Битола се ширеле гласови дека војводи и востаници се затворени. Меѓу првите врз кои ќе се применела таа наредба бил војводата Милан Ѓурлуков. Бил затворен, а неговата, Прилепската чета, била разоружана и распуштена. Плашејќи се дека тоа ќе им се случи и ним, војводите Трајко и Чаулев се повлекле во своите региони, чекајќи да се избистри ситуацијата.

Останатите војводи што се наоѓале во Битола, се вознемириле и барале ургентна средба со окружниот началник. Таа била договорена и реализирана во канцеларијата на началникот. Групата ја сочинувале Алексо Џорлев, Ѕоле од с. Баница, Крсте Малик и Алексо Стефанов. Началникот ги примил ладно и решително им пренел дека била донесена општа наредба сите што биле надвор од српската војска и полиција, а коишто располагале со оружје, требало да го предадат и до еден да се вратат како мирни граѓани во нивните домови. Незадоволни и гневни, војводите решаваат да не ја почитуваат наредбата, а Стефанов во Генимаале поведува и општа акција за непредавање на оружјето. Веста за таквиот настап на војводата, дошла и до ушите на началникот и овој решава да го затвори, односно, во крајна линија, и да го ликвидира. Предупредени биле околните српски стражи да се подготват за тоа. Приликата се укажува кога Стефанов со четата решава да замине за својот Демир Хисар. Запрен бил кај стражарницита во село Кукуречани и побарано е од него и од борците да го положат оружјето. Стефанов се заканува дека веднаш ќе ги ликвидира доколку се обидат тоа да го направат. Исплашени од заканата, стражарите му дозволуваат да го продолжи патот. Набргу по ова е формирана посебна српска чета со задача да го пронајде и да го ликвидира. Ја води учителот од Сопотница, Михајле Пејко.

Не гледајќи опстанок во ваквите услови, а по наредба од Софија, повеќето македонски востаници заминуваат преку граница, во Одринско, во село Малгера, каде се стационираат очекувајќи ги новите настани што ќе се случат наскоро, со отпочнувањето на Втората балканска војна[38].

## Анегдоти поврзани со Битола

Од многубројните анегдоти во кои централна личност е Нушиќ некои се поврзани и со неговиот престој во Битола. Оној што ги гледаше луѓето од несекојдневната, смешната страна, ете, не можел да избегне да биде и тој предмет за смеа и за забава. Преку нив Нушиќ се открива од една друга страна, непосреден, со искричава и здрава памет, снаодлив, кој за секоја прилика брзо и лесно изнаоѓа најсоодветно решение и препорачува мудрост. Дел се случки што ги доживеал, обработени и прилагодени, дел се креација од непознати автори. И во обата случаи, треба да се прифати како зачетна, рудиментарна фаза кога се раѓа еден нов Настрадин оџа, Итар Пејо, Еро, или некои други од овој вид народни умотворби за мудреци и забавувачи.

Битолските анегдоти говорат, се разбира, колку за него, толку и за амбиентот во кој се настанати. Една е поврзана со конзулскиот период, а други две се од времето кога бил окружен началник.

Еве ги:

Во времето кога Нушиќ пристигал во Битола за писар во Српскиот конзулат, со валијатот управувал намќорестиот, строг и не многу популарен, Феик-паша. Приемите кај него станале ситничарска, долга и исцрпувачка тортура, од која дипломатите не можеле здив да земат со денови и недели. Тоа било причина претставниците на туѓите земји, средбите да ги редуцираат во што помал број или уште почесто, да испраќаат заменици, главно лица од пониските ешалони на дипломатијата, најчесто писари. Ним им било препуштено да ги презентираат извештаите што

[38] Исто, 84-86

се барале, или да ги доставуваат молбите и другите барања до официјалната власт.

Пристигнувањето на младиот Нушиќ, токму заради тоа се доживеало со нескриено задоволство и најголема радост. Ете, дошла замена што ги ослободувала останатите од непријатностите. Со преполна глава од туѓи тешки искуства, слушани скоро секој ден во својот и од другите конзулати, младиот Нушиќ со стегната и растреперена душа, тргнал на првата средба. Добил и завршни препораки, а последната *„најдобронамерна"*, повторувана неколкупати, била:

– Штом ќе те најават и ќе влезеш во канцеларијата, гледај веднаш, на првата столица да седнеш и да останеш мирен додека не те повика валијата кај себе. Тоа му е мило и го орасположува. На првата столица, слушна! - му повторувале.

Кога пристигнал до валијатот, од преголемата возбуда не забележал ниту кога го пријавиле, ниту како му ја отвориле вратата од канцеларијата, ниту како се нашол внатре. Навистина до вратата имало столица, на која бргу-бргу, заради *„пресечените"* нозе, се струполил. Столицата била толку стара и расклатена, што за малку ќе паднел. Работниот мир со тоа се нарушил и го предизвикало вниманието на задлабочениот валија. Изненаден од дрскоста посетителот да седне без одобрение, валијата само што не го растргнал. Меѓутоа, го здогледал подобро и видел згрчено и преплашено човече, готово да се расплаче. Се сожалил и му се насмевнал. Извадил цигара од табакерата и ја фрлил кон него. Овој, ја зграпчил, што уште повеќе го орасположило валијата. Со раката му дал знак да се приближи и да седне покрај него. Набргу се воспоставила вербална комуникација на турски јазик, од која валијата открил дека дојденецот е разговорлив и дека е прекрасен соговорник. Останале со саати, третирајќи разни теми. Така станале пријатели и оттогаш ваквите задолженија Нушиќ ги присвоил исклучиво за себе.

Коментирајќи ја подоцна случкава, имал обичај филозофски да заклучува: – *Понекогаш и расклатена столица, злато вреди!*

Само што ја отпочнал работата како оркужен началник, започнал да прима и посетители. Најбројни биле Османлиите кои најчесто барале одобренија за заминување во Турција. Сместен бил во истата канцеларија и работел на истото место на Феик-паша. За чудо на местото каде што некогаш се наоѓала расклатената столица и сега имало иста и оваа, за уште поголемо чудо, била како претходната, стара и готова за распаѓање.

Додека решавал некакви проблеми, службеникот најавил име на посетител, кое, задлабочен во работата, не го чул. Реагирал и ја кренал главата, упатувајќи строг поглед кон вратата, кога некаков стар посетител за малку не се струполил од старата столица. Само што се подготвил да подвикне, кога го препознал некогашниот страшен Феик-паша, сега остарен, исплашен и згрчен. Скокнал и му се приближил. Земајќи го под рака, миловно го прашал:

– *Ме познаваш ли, валијо?*

Валијата го погледнал внимателно и одговорил:

– *Алах нека ти даде здравје, синко, ама не те познавам!*

– *А се сеќаваш ли на оној кој од оваа столица за малку ќе паднеше и на кого му фрли цигара?!*

Го препознал. Ослободен, ја ставил побелената глава на Нушиќевото рамо и се расплакал. Во таква положба останале подолго. Откако се созел, валијата искоментирал:

– *Не знаевме да го чуваме овој народ, белки сега ќе биде поинаку!*

Дозвола веднаш му била издадена со желби за добар пат.

## Нушиќ на битолските сцени

И во Битола Нушиќ бил омилен и експлоатиран драмски автор. Посебно популарни и најчесто изведувани му биле комедиите. Се наметнал рано и остана долго, обележувајќи цела една епоха во театарската историја. Кога требало да се влијае врз српството, се појавувале драмите со историска содржина, со теми од славното минато, кога требало да се коригира посетата на апатичната театарска публика, се поставувале комедиите.

По него се посегало и кога требало да се покаже еднородност. При посетата на делегацијата на Белградската општина на Битола во 1913 год., а по повод годишнината од влегувањето на српската војска, гостите се сетиле и на Нушиќ. Подариле уметничка слика со ликот на престолонаследникот Александар Карaѓорѓевиќ, 92 книги *„Косовска трагедија“*, 299 книги *„Нови воени песни“* и, најмногу, 623 книги на *„Хаџи Лоја“* од Нушиќ. Желбата на дародавците била книгите да му се разделат на битолското граѓанството бесплатно, а целта била запознавање со славната српска историја[39].

Со подеднакво расположение, на сцените го поставуваат и професионалните, и аматерските театри. Популарен е во Првата светска војна, меѓу двете светски војни, но и по ослободувањето.

На 26 октомври 1914 год. (недела), нецела година откако се стационирал театарот *„Тоша Јовановиќ“* во Битола, ја прикажува омилената и често изведувана комедија *„Обичен човек“*. Виќентие го игра директорот на Театарот, Михајло Лазиќ[40]. Наскоро е репрезирана[41]. Истата година е прикажана и *„Свет“* (14 октомври, 1914)[42]. И таа доживеала репризи. Ја среќаваме во репертоарот и по Првата светска војна. Како неделна дневна претстава прикажана е на 1 ноември 1925 год.[43]. Се поставуваат и други комедии: *„Протекција“* (1919)[44], *„Народен пратеник“* (1924)[45], *„Сомнително лице“* (1924)[46]. Театарската сезона и во 1925/25 год.

---

[39] *„Битољске вести“*, „Битола, год. II, бр.29, 20 ноември 1913, 11

[40] Александар Стерјовски, „Битола-Каријатиди на Театарот“, Битола, 2004, 262

[41] Исто, 263, 272, 298, 299, 315

[42] Исто, 274

[43] *„Позориште“*, *„Самоуправни гласник“*, Битола, год. II, бр. 21, 1 ноември 1925, 6

[44] Александар Стерјовски, цит. дело, 296

[45] Исто, 312

[46] Ристо Стефановски, „Од Хераклеа до Народен театар Битола“, Народен театар Битола, 1994, 32

отпочнала со *„Обичен човек“*[47]. *„Пат околу светот“* е прикажана во месец март 1926)[48], *„Протекција“*, како дневна претстава во втората недела од јануари следната година[49].

И на забавните вечери, кои се одржувале и за време Пр-вата светска војна, повторно се посега по него. На 25 мај 1915 год., како прва точка, прикажана е едночинката *„Шопенхауер“*[50].

Никогаш немало потценување на неговите историски драми. Навистина не се во толкав број како комедиите, но и со нив се освежува репертоарската програма. Театарот на Михајло Лазиќ, меѓу двете светски војни ги поставува: *„Хаџи Лоја“* (1924)[51], *„Растко Немањиќ“* (на денот Св. Сава во 1927 год.[52]) и др. Со *„Велика недела“* тој патува во Охрид на 17 април 1927 год.[53].

Битолчани со Нушиќ се дружат и кога театарскиот живот во Битола е замрен и кога културното сивило се освежува со гостувања на Скопскиот театар. Скопскиот театар учествува и при осветувањето на возобновениот театарски објект (1926), при што ги прикажува *„Велика недела“* (27 мај и 28 јуни 1926) и *„Пат околу светот“* (30 мај и 22 јуни 1926). Откако двата театра, Битолскиот и Скопскиот, се обединуваат во еден и тогаш Нушиќ е актуелен. Присутен е и на поновите гостувања на Скопскиот театар во Битола. Ги прикажува: *„Протекција“* (9 и 16 јануари, 1927), *„Растко Немањиќ“* (27 јануари 1927), *„Г-ѓа министерка“* (10 и 15 јуни 1930), *„Мистер Долар“* (18 април 1933), *„Белград некогаш и сега“* (5, 6 и 10 јуни 1934), *„Нажалена*

---

[47] *„Позориште“*, *„Самоуправни гласник“*, Битола, год. I, бр. 20, 15 октомври 1925, 6

[48] Александар Стерјовски, цит. дело, 315

[49] *„Позориште“*, *„Самоуправни гласник“*, год. III, бр. 3, Битола, 1 јануари 1927, 6

[50] Александар Стерјовски, цит. дело, 270

[51] Ристо Стефановски, цит. дело, 31

[52] *„Позориште“*, *„Самоуправни гласник“*, год. III, бр. 3, 1 февруари 1927, 8

[53] *„Позориште“*, *„Самоуправни гласник“*, год. III, бр. 8, 15 април 1927, 8

*фамилија*" (28 мај и 2 јуни 1935), „*Уеж*" (2 јуни 1936), „*Д-р*" (4, 5, 9 ноември 1937), „*Свет*" (5 и 6 ноември 1938), „*Покојник*" (1 и 2 февруари 1938) и тн.[54]

Привлечен е и за аматерските здруженија. Битолската богословија покажува посебен афинитет кон неговите историски драми. На 13 јануари 1932 год. го изведува „*Растко Неманиќ*", која е репрезирана за учениците и од другите училишта, но и за богословите[55]. Две години подоцна богословите ја прикажаа и „*Светска војна*"[56].

Адаптираниот „*Растко Немањиќ*" во 1925 год. го подготвија и го изведоа и учениците од четвртото одделение на училиштето „Св. Сава"[57].

И учениците од Трговската академија го имаат на репертоарот. Постигнаат голем успех во 1939 и 1940 год., со „*Коштана*" од Б. Станковиќ, но и со „*Свет*" од Нушиќ[58].

Омилен е и во Гимназијата. Се изведува и меѓу двете свески војни, но и по ослободувањето.

И градските аматерски здруженија посегаат по него. На вториот ден Велигден во 1922 год. битолските учители ја прикажаа комедијата „*Свет*"[59], а Пододборот на Црвениот крст, на велигденската забава во април 1923 год., ја изведе историската драма „*Кнез Иво од Семберија*"[60]. Градското аматерско друштво „Добро поле" во 1932 год. ја прикажува комедијата „*Народен пратеник*"[61], а работничкото зружение „*Абрашевиќ*", кое подготвило и дало 50-ина театарски претстави, на репертоарот ја имало и „*Сомнително лице*"[62].

Во неколку битолски села, меѓу двете светски војни имало раздвижен аматерски живот, при што особено се издвојуваат селата Буково и Лавци. Во Буково ќе биде

---

[54] Ристо Стефановски, цит. дело, 44-54
[55] Александар Стерјовски, цит. дело, 353
[56] Исто, 355
[57] Исто, 360
[58] Ристо Стефановски, цит. дело, 59
[59] Исто, 369
[60] Исто, 368
[61] Александар Стерјовски, цит. дело, 363
[62] Исто, 371, 394

прикажана „*Македонска крвава свадба*", но и една комедија од Нушиќ[63].

Со Нушиќ се посетува Битола од аматерски здруженија од други градови. Аматерското здружение „Преспа" од Ресен, на 21 јануари 1922 год. пред битолската публика со голем успех ја прикажува „*Обичен човек*" и тоа е поттикнувачки мотив за формирање постојан битолски театар. Во месец март 1936 год., учениците од Скопската медреса на битолската сцена ја изведуваат „*Хаџи Лоја*"[64] итн.

Иако израснал во еден од најомилените комедиографи и доживеал голема популарност, Нушиќ бил и негиран и забрануван, а во тоа, во името на јавниот морал, учествувале и црквата и власта. Во 1938 год., по барање на Светиот синотот на Српската православната црква, а по наредба на Министерството за просвета симната е од репертоарот на еден белградски театар комедијата „*Општинско дете*". Со образложение дека за забраната треба да се има „*на знаење и на натамошна надлежност*" на 1 ноември 1938 год., со циркулар се известени сите епархиските намесници од Охридско-битолската епархија[65].

Походот на Нушиќ на битолските сцени продолжува и по ослободувањето. Само што ќе се конституира и ќе отпочне со работа Народниот театар во Битола, веднаш се посега по него. Во сезоната 1945/46 год. се поставуваат три комедии (14 ноември 1945 - „*Власт*", а во декември - „*Госпоѓа министерка*" и „*Светска војна*"). Три од седумте премиери во 1947 год. се негови дела (јануари - „*Покојник*", април - „*Сомнително лице*", декември - „*Д-р*"). Следат „*Народен пратеник*" (октомври 1948); „*Протекција*" (јануари 1949); „*Нажалена фамилија*" (декември 1949); „*Свет*" (февруари 1952); „*Општинско дете*" (февруари 1953); „*Госпоѓа министерка*" (19 февруари 1954); „*Мистер долар*" (27 декември 1955) и „*Пат околу светот*" (24 мај 1958)[66] итн.

---

[63] Исто, 374

[64] Исто, 376, 377

[65] Архив на Македонија-Подрачно одделение-Битола, Збирка на издвоени документи(втора категорија), кутија 1, л. 24

[66] Ристо Стефановски, цит. дело, 76-93

Интересен е и за школските аматерски здруженија. Учителската школа, која имала едно од најактивните здруженија, честопати се определува за него. Со него раководи и претставите ги подготовува актерот од Народниот театар Предраг Дишљенковиќ. Благодарејќи на него и на ова здружение, ќе се испилат големите мајстори на сцената, Драги Костовски, Петар Стојковски – Бабец и други. Со голем успех здружението ги прикажува „*Власт*“ и „*Мува*“ со кои гостуваат и по околните градови и села. Нушиќ се наоѓа на репертоарот и на драмската секција во Гимназијата. Во 1951 год. во салата на Театарот се прикажува дел од комедијата „*Сомнително лице*“ итн.

Заради потеклото, престојот и заради она што го вложил во Битола, славниот Нушиќ поголемиот број битолчани го третирале за сограѓанин.

Кога во 1924 год. се прославувал големиот јубилеј, 60 години живот и 40 години од неговата книжевна работа, се вклучиле и тие. На посебна седница на Одборот на Општината, одржана на 12 ноември 1924 год., под раководство на претседателот на градот Драгиќ Пауновиќ, била донесена одлука да го прогласат за почесен граѓанин. По маршал Франше де Епере (1923), тој е вториот по ред ваков граѓанин на Битола. За одлуката, славеникот требало телеграфски да се извести и истата да биде објавена во дневните весници „*Политика*“ и „*Време*“[67].

Битолската наклоност кон големиот книжевник продолжила и по ослободувањето. Именувањето на една битолска улица со „Нушиќ“ е потврда за тоа.

---

[67] Државен архив на Република Македонија – Подрачно одделение - Битола, Фонд Градско поглаварство, книга бр. 15, 12 ноември 1924



Нушић како осуденик - 1887/88